**ОГЛАС**

Датум на објава: 01.09.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во насока на реализација на своите активности објавува оглас за избор на **1 експерт/ка** за организирање и реализација на дводневна on-line работилница, како и изработка на политика за родова еднаквост на организацијата.

Политиката за родова еднаквост треба да придонесе кон унапредување на практикувањето на родовата рамноправност и еднаквост во рамките на коалицијата, а се со цел изработка родово-сензитивни документи и политики, како и нивна реализација со родово-сензитивни показатели во работењето на организацијата.

Работилницата ќе се спроведе онлајн согласно барањата на најголем дел од учесниците, а заради нивна максимална здравствена заштита. По завршувањето на обуката предвидена е доработка на политиката како документ и доставување до организацијата.

Експерт/ката треба да ги исполнува следниве општи критериуми:

- Да има универзитетско образование;
- Да има искуство во работењето со граѓанските организации и да ја познава околината во која што истите функционираат и делуваат;
- Да го познава секторот земјоделство и рурален развој;
- Да ги познава процесите на вклучување на родовите перспективи генерално, но исто така и состојбите со родовата сензибилност во секторот земјоделство и рурален развој.

Крајниот резултат кој што треба да се постигне со реализацијата на оваа активност е:

2.2. Родовата еднаквост вклучена во политиките и активностите на Коалицијата

Експертот/ката ќе биде ангажиран/а вкупно 3 работни денови.

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) и финансиска понуда најдоцна до **10 септември 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Рурална Коалиција* е корисник на институционална финансиска поддршка од програмата Цивика мобилитас.

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА - Куманово
✉ село Режановце, 1300 Куманово, и ул. Орце Николов 29/6, 1000 Скопје
◇ ☎ 078 303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com; web: www.rural.mk ◇